РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
- Градоначалник -
Бр. 11-1563/4 од 16.10.2026 година
Чучер Сандево

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Се одобрува **Проектна програма- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – Згради од лесна градежна индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници, хала за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично, погони и бази за производство на асфалт и бетон на КП 1580, КП 1577, КП 1578, КП 1582/1, КП 1582/2 и КП 1585 КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**, со проектен опфат од **8031,48м2** или **0,80 ха.**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Инвеститорот, **Свето Димовски** преку ополномоштено правно лице Друштво за проектирање, градежништво, трговија и услуги УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, Гостивар на ден 09.07.2026 година, поднесе Барање за одобрување, **Проектна програма- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – Згради од лесна градежна индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници, хала за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично, погони и бази за производство на асфалт и бетон на КП 1580, КП 1577, КП 1578, КП 1582/1, КП 1582/2 и КП 1585 КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**, тех.бр. **03ПП/2026** од Јануари 2026 година, изработена од Друштво за проектирање, градежништво, трговија и услуги УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, Гостивар со лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 0116 од 17.09.2019 година со важност до 20.05.2027.

Комисијата за урбанизам на Општина Чучер-Сандево, формирана со Решение бр. 09-294/1 од 06.02.2026 година, согласно член 38 став (8) и Член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), на ден 04.08.2026 година, достави до Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, Предлог за одобрување на **Проектна програма- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – Згради од лесна градежна индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници, хала за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично, погони и бази за производство на асфалт и бетон на КП 1580, КП 1577, КП 1578, КП 1582/1, КП 1582/2 и КП 1585 КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.**

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Правна поука: Против ова решение незадоволната страна може да изјави посебна жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

Изработил/Одобрил:
Н.Лазаревски диа
Nikola Lazarevski
Digitally signed by Nikola Lazarevski
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4030004559674, o=OPShTINA ChUChER SANDEVO, ou=OPShTINA ChUChER SANDEVO-4030004559674, givenName=Nikola, sn=Lazarevski, serialNumber=CRT3782609, cn=Nikola Lazarevski
Date: 2026.10.16 15:16:45 +02'00'

Градоначалник на
Општина Чучер Сандево,
Зоран Бајовски
Zoran Bajovski
Digitally signed by Zoran Bajovski
Date: 2026.10.16 15:17:14 +02'00'

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * Општина Чучер - Сандево *